**20260951468**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 77 став (11) и (12), 77-з став (3) и 77-ј став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 180/2019, 103/2021, 86/2025 и 114/2025) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 29.4.2026 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА АГЕНТИ НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА

Член 1

Во Правилникот за агенти на пензиски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2016, 184/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 268/2023 и 83/2024) во член 3 ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 2

Во член 8 во ставот (3) зборовите: “кој е“ се заменуваат со зборовите: “или Образец бр.3 кои се“.

Член 3

Во членот 9 став (1) втората реченица се брише.

Во ставот (2) зборовите: “кој е“ се заменуваат со зборовите: “или Образец бр.4 кои се“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.01-662/3
29 април 2026 година
Скопје

Претседател
на Советот н,а експерти,
**Ремзи Бајрами,** с.р.